Давател на доверливи услуги КИБС

# Декларација

## за користење на квалификувани сертификати за електронски потписи и електронски печати

**Последна промена: 06.07.2020**, (видм ги архивираните верзии)

### Историја на промени

| Верзија | Датум | Автор | Промени |
|---|---|---|---|
| 1.0 | 06.07.2020 | Марин Пиперксоки | Нов документ |

## 1. Преглед

Овој документ има за цел е да им се даде на претплатникот и на засегнатите страни поврзани со квалификуваните сертификати кратко резиме на информациите кои се достапни во документот ”Правила за издавање на квалификувани сертификати за електронски потпис и електронски печат (CPS)” на КИБС за користење на квалификувани сертификати како и на информациите во документот „Правила и услови“.

Овој документ не ги заменува ниту Правилата и условите ниту CPS, туку само ги резимира клучните точки во корист на претплатниците и на засегнатите страни. Сите документи се достапни на адресата: https://www.kibstrust.com/repository.

## 2. Контактни информации

Сите прашања и коментари во врска со содржината на наведените документи може да бидат насочени кон:

КИБС АД Скопје
бул. "Кузман Јосифовски Питу" 1, 5-ти кат,
+389 2 5513 444, +389 2 3297 444
helpdesk@kibstrust.com
https://www.kibstrust.com
1000 Скопје, Република Северна Македонија
(понеделник - петок 8.30 - 16.00 централно европско време)

## 3. Обврски на претплатникот

Претплатникот на сертификатот ги има обврските наведени во CPS и во Правилата и условите. Имено претплатникот ги има, меѓу другото, следните обврски:

- Да му достави на Издавачот на сертификати (ИС) точни и вистинити информации во барањата за издавање сертификат;
- Да го користи сертификатот само на начините и за целите предвидени во CPS и согласно Правилата и условите кои се на сила;
- Да ги заштитува и да ја обезбеди сигурноста на локалното средство за создавање квалификуван потпис или печат или на податоците за автентикација во случај на далечинско средство за создавање квалификуван потпис или печат.
- Да не ги остава изложени локалното средство за создавање квалификуван потпис или печат или податоците за автентикација во случај на далечинско средство за создавање квалификуван потпис или печат и да ги стави на безбедно место.
- Да се однесува со локалното средство за создавање квалификуван потпис или печат или податоците за автентикација во случај на далечинско средство за создавање квалификуван потпис или печат како со било каков предмет кој содржи приватни податоци.
- Во случај на потврдено загрозување на било кои од неговите приватни клучеви, веднаш да контактира со КИБС.

## 4. Поништување

Претплатникот којшто бара поништување на сертификатот треба да испрати барање до КИБС по е-пошта на адресата helpdesk@kibstrust.com од својата проверена адреса на е-пошта или лично да достави образец за поништување до РК/ЛРК. КИБС благовремено ќе пристапи кон поништување на сертификатот.

## 5. Видови сертификати, постапка за валидација и користење

КИБС ги издава сите видови сертификати наведени подолу на локално средство за создавање квалификуван потпис или печат како и на далечинско средство за создавање квалификуван потпис или печат.

- Квалификуван сертификат на физичко лице за електронски потпис,
- Квалификуван сертификат на физичко лице поврзано со правно лице за електронски потпис,
- Квалификуван сертификат на правно лице за електронски печат.

Постапките за проверка (валидација) се во согласност со последната верзија на документот „Работа во РК со квалификувани сертификати за електронски потпис и електронски печат (103.01)“ на КИБС.

Сертификатите се користат исклучиво како што е предвидено во CPS и во Правилата и условите. Се забранува секое користење кое е различно од предвиденото.

## 6. Обврски на засегнатите страни за проверка на статусот на сертификатот

Засегнатите страни го проверуваат статусот на сертификатите на кои сакаат да се потпрат. Еден од начините на кои може да се провери статусот на сертификатот е со проверка на Листата на поништени сертификати на издавачот кој го издал сертификатот на којшто сака да се потпре засегнатата страна.

Освен тоа, засегнатите страни можат да го исполнат ова барање со проверка на статусот на сертификатот преку складиштето достапно на интернет на адресата (https://e-shop.kibstrust.com/raforms/VerbaSearchCert.aspx) или со користење на услугата OCSP за проверка на статусот на сертификатот која е јавно достапна на http://ocsp.kibstrust.com. URL-адресата на услугата OCSP е исто така наведена во сертификатот во полето Пристап до информациите за издавачот (AIA) во согласност со профилот на сертификатот.

КИБС е должен да ги објавува сертификатите кои ги издава на својата веб-страница: https://e-shop.kibstrust.com/raforms/VerbaSearchCert.aspx, за да овозможи нивно пребарување од трети страни. Претплатникот мора да даде согласност за нивното објавување.

## 7. Граница на ограничувања

Ревизорските записи се чуваат локално во период од најмалку 2 (два) месеци. Физичките или дигиталните архивски записи во врска со барањата за издавање сертификати, информациите за регистрација и барањата или апликациите за одложување, прекин на одложувањето и за поништување се чуваат во период од најмалку 10 (десет) години по истекот на соодветниот сертификат.

## 8. Применливи договори, CP, CPS

Релевантни договори, политики и правила во врска со користењето на сертификатите се:

- Политика за сертификати на DigiCert
- CPS на КИБС за квалификувани сертификати за електронски потписи и електронски печати.
- Профили на сертификати и на протокол за електронско добивање на статусот на сертификат за квалификувани сертификати за електронски потписи и електронски печати.

Тековните верзии на сите горенаведени применливи документи се јавно достапни во складиштето на КИБС https://www.kibstrust.com/repository.

## 9. Политика за приватност

КИБС ги обработува личните податоци во согласност со применливите закони за заштита на лични податоци кои се на сила. За повеќе информации, погледнете го документот „ Политика за приватност“ на КИБС на https://www.kibstrust.com/repository.

## 10. Достапност за лица со посебни потреби

Издавањето квалификувани сертификати за електронски потписи и електронски печати вклучува процеси на online порачка и идентификација лице-в-лице од страна на вработен во РК / ЛРК или преку интернет.

Поднесувањето порачка преку интернет е достапно за лица со посебни потреби, доколку нивните работни станици, користените оперативни системи и апликативен софтвер се прилагодени за потребите на лицата со посебни потреби.

Доколку пополнувањето на порачката online не е можно, лицата со посебни потреби можат да дојдат во просториите на РК / ЛРК на КИБС или кај овластените компании од страна на КИБС. Пристапот до канцеларијата на РК / ЛРК на КИБС е без бариери. Информациите кои ЛРК и овластени компании може да се посетат а имаат влез без бариери се јасно прикажани на веб-страницата https://www.kibstrust.com. Покрај тоа, КИБС на барање на клиентот нуди услуга за помош дома за подготовка на порачка и препознавање лице-в-лице од страна на свои вработени или вработени во овластени компании.

Исто така, порачката може да биде подготвена за лица со посебни потреби кога истите ќе пристигнат во РК, ЛРК или овластените компании од страна на вработените. Во овој случај, лицата со инвалидитет, добро е да бидат придружени од лица кои ги разбираат потребите и стекнале доверба од лицата со посебни потреби за да го забрзаат процесот на издавање сертификат.

Употребата на издадени квалификувани сертификати за лица со посебни потреби зависи од тоа како нивните работни станици, оперативни системи и апликативен софтвер се прилагодени на нивните посебни потреби.

## 11. Политика за поврат на средства

КИБС прави напори да обезбеди највисок степен на квалитет на своите услуги. Сепак:

Претплатникот во рок од пет (5) дена од денот на активирањето на сертификатот може да поднесе рекламација за сертификат или локалниот QSCD (токен) во случај на не функционирање. Ова се случува најчесто поради фабричка грешка поради што сертификатот или локалниот QSCD (токен) не соодветствуваат на описот, намената и употребата што се декларирани и објавени од страна на КИБС.

Во случај кога продажбата на сертификатот се врши преку интернет, претплатникот има право да ја откаже нарачката.

КИБС нема да прифати никакви побарувања за дефекти на сертификатот и штети предизвикани од вина или дејствија на Претплатникот.

Претплатникот има право да се повлече од онлајн подготвената порачка пред активирањето на сертификатот. Доколку претплатникот не се појави или не достави соодветна документација во рок од 30 (триесет) дена од својата порачка за квалификуван сертификат за електронски потпис или печат во / до регистрационата канцеларија (РК) / локалната регистрациона канцеларија на обезбедувач на доверливи услуги, нарачката ќе биде автоматски отфрлена од системот. Во овој случај, доколку Претплатникот веќе го уплатил сертификатот за електронски потпис или печат, КИБС нема да ја врати уплатата, туку ќе го поврзе ова плаќање со нова постапка за купување на сертификат за време на тековната фискална година. Преносот на уплатата во нова фискална година не е дозволено.

КИБС се справува со рефундирање на средства од случај до случај. Во ретки случаи КИБС може да врати уплатени средства на Претплатникот. Остварувањето на ова право ќе биде направено по писмено обраќање од страна на Претплатникот на КИБС преку испраќање на е-пошта на helpdesk@kibstrust.com.

## 12. Лиценци за складирање, ознаки за доверба и ревизија

Доверливите услуги на КИБС за квалификувани електронски потписи и квалификувани електронски печати се регистрирани во Регистарот на даватели на квалификувани доверливи услуги на Министерството за информатичко општество и администрација.

Предуслов за таквата регистрација е усогласеност со применливите прописи и стандарди. Телото за оценување на сообразноста е акредитирано во согласност со Регулативата (ЕЗ) бр. 765/2008 како надлежно за оценување на сообразноста на давателот на квалификувани доверливи услуги и на квалификуваните доверливи услуги кои тој ги обезбедува. Заклучоците од ревизија или сертификатите кои се базираат на резултатите од ревизија на оценувањето на сообразноста извршено во согласност со регулативата eIDAS, како и соодветните закони и стандарди се објавени на веб-страницата на КИБС.

## 13. Ограничена гаранција и одрекување/ограничување на одговорност

За ограничувањата на гаранциите и одговорноста, погледнете го документот Правила и услови објавен

на веб-страницата на КИБС: https://www.kibstrust.com/repository.

## 14. Применлив закон, поплаки и механизам за решавање на спорови

Сите спорови во врска со доверливите услуги кои ги обезбедува КИБС се регулираат во согласност со законите на Република Северна Македонија. Претплатникот мора да го извести КИБС за сите евентуални барања или поплаки најдоцна 30 (триесет) календарски дена по откривањето на основата за барањето, освен ако не е поинаку предвидено со закон.

Доколку спорот не биде решен во рок од 60 (шеесет) дена по првичното известување, страната може да побара правно решавање. Надлежниот суд во Скопје ќе биде исклучиво надлежен за сослушување и решавање на било кој спор.

КРАЈ НА ДОКУМЕНТОТ